# ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА ЗА РЕЈТИНГОТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ И ЛИЧНОСТИ

Помеѓу 20-22 Февруари 2009 година, Институтот за демократија спроведе редовна телефонска анкета за испитување на перцепциите на граѓаните за рејтингот на политичките партии во Македонија, нивното мислење за лидерите на политичките партии, како и рејтингот на Кандидатите за Претседател на Република Македонија.

## МЕТОДОЛОГИЈА

Истражувањето беше спроведено според стадардизиран прашалник и врз основа на стратификуван примерок кој е репрезентативен за населението во Република Македонија. Во примерокот беа запазени демографските специфики на населението (полова структура, старосни групи, степен на образование и етничка припадност), а беше направена и соодветна поделба на испитаниците според местото на живеење (урбана или рурална средина, со тоа што Скопје беше земено како посебна целина заради своите посебности). Во примерокот беа застапени испитаници од сите изборни региони во Македонија според поделбата од 2002 година.

## РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТАТА

Со испитувањето беа опфатени вкупно **1 093 испитаници**. Од нив 560 испитаници се мажи, а 533 се жени, односно 51,2% од испитаниците се мажи, а 48,8% се жени.

Во однос на **старосните групи** 233 (21,3%) се млади до 29 години. Понатаму 186 (17%) имаат помеѓу 30 и 39 години, 221 или 20,2% се на возраст помеѓу 40 и 49 години, 214 испитаници односно 19,6% од вкупниот број се во старосната група помеѓу 50 и 59 години, а 239 (21,9%) се постари од 60 години.

Според **образованието** 2,2% од испитаниците немаат завршено основно образование, а 15,6% имаат само основно образование. Најголем дел од нив или 52,7% имаат средно образование, додека останатите 29,6% имаат више/високо образование.

Според **етничката структура**, најголем дел од испитаниците се етнички Македонци и тоа 785 од нив или 71,8% од вкупниот број, а втори по бројност се етничките Албанци со 272 испитаника или 24,9%. Останатите испитанци се од другите етнички заедници.

Доколку се погледне структурата на испитаниците според **местото на живеење**

ќе видиме дека 29,3% се од поголемите градови во Македонија, а 18,8% се од помалите градски средини. 29,1% од сите испитаници се од рурални средини, а 22,9% се од Скопје.

Во склоп на истражувањето, **подеднакво беа опфатени шестте изборни региони во Република Македонија**, при што отстапувањата меѓу регионите во поглед на нивната застапеност во анкетата се движеа во рамките на дозволеното (+/-1%).

## АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Анкетниот прашалник се состоеше од три прашања, на кои испитаниците ги дадоа следните одговори: **ПРВОТО ПРАШАЊЕ** во анкетата беше **За која партија би гласале на следните парламентарни избори?** Резултатите подолу се прикажани компаративно со истражувањето спроведено во декември 2008.

| Доколку утре се одржат парламентарни избори за која партија вие би гласале? | | |
|---|---|---|
| | декември 2008 | **февруари 2009** |
| Ниедна | 21 | 20,6 |
| Друга | 1,4 | 0,8 |
| Не знам / нема одговор | 25,9 | 16,7 |
| СДСМ | 10,2 | 13,1 |
| ВМРО-ДПМНЕ | 27,8 | 29,9 |
| ДУИ | 8,6 | 9,4 |
| ПДП | 0,1 | 0,2 |
| ДПА | 2,5 | 2,1 |
| НСДП | 0,5 | 0,3 |
| ДОМ | 0,5 | 0,5 |
| ПЕИ | 0,1 | 0,2 |
| ДА | 0,1 | / |
| СП | 0,1 | / |
| ЛДП | 0,3 | 1,2 |
| Демократска Унија на Албанците | 0,1 | / |
| Нова Демократија | 0,8 | 4,9 |
| ВМРО-Народна | / | 0,2 |
| Вкупно % | 100 | 100 |

табела 1

Во **ВТОРОТО ПРАШАЊЕ** граѓаните требаше да одберат еден македонски **политичар во кој имаат најголема доверба**. Резултатите подолу се прикажани компаративно со истражувањето спроведено во декември 2008.

| Доколку утре се одржат парламентарни избори за која партија вие би гласале? | | |
|---|---|---|
| | Декември 2008 | **февруари 2009** |
| ниеден | 26,5 | 26,4 |
| друг | 1,9 | 4,5 |
| не знам / нема одговор | 13,6 | 8,7 |
| Зоран Заев | 1,5 | 0,5 |
| Никола Груевски | 30,7 | 31,2 |
| Али Ахмети | 8,3 | 8,8 |
| Мендух Тачи | 1,2 | 1 |
| Тито Петковски | 1,1 | 1,3 |
| Лилјана Поповска | 0,5 | 0,3 |
| Ѓорѓи Оровчанец | 0,3 | 0,1 |
| Владо Бучковски | 0,1 | 0,1 |
| Павле Трајанов | 0,1 | 0,4 |
| Јован Манасиевски | 0,1 | 0,5 |
| Љубчо Георгиевски | / | 0,5 |
| Бранко Црвенковски | 8,2 | 8,3 |
| Арбен Џафери | 1,4 | 0,2 |
| Имер Селмани | 1,2 | 4,9 |
| Радмила Шекеринска | 0,5 | 0,5 |
| Љубе Бошковски | 0,2 | 1,9 |
| Срѓан Керим | 1,5 | / |
| Зоран Ставрески | 1 | / |
| Бардуљ Мамути | 0,3 | / |
| Вкупно % | 100 | 100 |

табела 2

Последното прашање од истражувањето беше поставено со цел да се измери рејтингот на Кандидатите за Претседател на Република Македонија. Со таа цел тие беа прашани: **За кој партиски кандидат би гласале на следните Претседателски избори?** А одговорите се следни:

| За кој партиски кандидат би гласале на следните Претседателски избори? | |
|---|---|
| | Процент |
| Љубомир Фрчкоски | 12,1 |
| Ѓорге Иванов | 25,5 |
| Љубе Бошковски | 8,8 |
| Агрон Буџаку | 4,8 |
| Мируше Хоџа | 1,5 |
| Нано Ружин | 3,6 |
| Имер Селмани | 11,7 |
| Ниту еден | 14,4 |
| Не знам / нема одговор | 17,7 |
| Вкупно | 100 |

табела 3




графикон 3

НАПОМЕНА:

Одговорите ја одразуваат демографската структура на испитаниците и нивните преференци и ставови. Сите истражувања на Институтот се подложни на статистичка грешка која изнесува +/- 3,1% . Поради тоа сите резултати претставени во извештајот можат да се движат во тој интервал.

Со почит,

Владимир Божиновски - **Институт за Демократија (ИДСЦС)**

**Моб. +389 70 26 98 28 Тел. +389 2 3094 760**